Трајан ПАНЕВ

# ИДЕИ И СТРЕМЕЖИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ "НОВ СВЕТСКИ ПОРЕДОК" ВО ПОСТБЛОКОВСКИОТ ПЕРИОД

Трансформацијата на Европскиот меѓународен поредок, кој 1989 година започна со колапсот на реалсоцијализмот, дезинтеграцијата на СССР и Варшавскиот договор, односно укинувањето на биполаризмот како модел на односи во меѓународниот живот, фундаментално го изменува меѓународниот контекст на надворешните политики на индустриски најразвиените земји во светот. Националните влади на овие земји, а пред сè САД почнуваат да размислуваат за редефинирање на своите приоритети и интереси (и нивна одбрана) на глобален план. Во настојувањето да создадат нови односи во меѓународниот живот поволни за себе, САД како најјака сила во светот понудуваат политички и стратегиски концепт-проект за уредување на односите во меѓународната заедница изразен низ синтагмата "нов светски поредок".

Денес, во ставовите и поимањата на голем број автори од САД, Франција, В. Британија, а во одредена смисла и од Србија и Хрватска, кои ја анализираат оваа политичка појава, постојат контроверзи, противречности. Кај сите нив преовладува согласноста за карактерот на промените и процесите во меѓународните односи што настанале во текот на последните десет години, но не постои согласност во оценката за (не) постоење "нов светски поредок". Додека, едни го оспоруваат неговото постоење, други го прифаќаат како несоборлив факт, а трети сметаат дека постојат само одредени "нови појави" што го карактеризираат современото однесување на големите сили (особено САД) во меѓународните односи. Независно од тоа дали постои или не согласност околу (не)постоењето на "новиот светски поредок" и (не)можностите за негово воспоставување, процесите кои се одвиваат во меѓународната заедница бараат, како од теоретски, така и од практично-политички и безбедносен план секојдневно да се следат и проценуваат, посебно како тие денес се прекршуваат на Европа, а во тој контекст особено на немирното балканско подрачје, пред сè поради

согледување на нашето сопствено место и улога во иднината, како и поради последиците кои произлегуваат од тоа за воено-политичката, економската и безбедносната позиција на нашата земја.

Новите карактеристики и тенденции во развојот на современите меѓународни односи, настанати како резултат на суштинските промени и поместувања на тлото на Источна Европа по 1989 година, имаат значење на радикално нови детерминанти за целиот систем на меѓународни односи во Европа и во светот во постблоковскиот период. Сите овие промени и политички поместувања што извршуваат нова геополитичка и геостратегиска декомпозиција на Европа и на светот објективно придонесуваат главните фактори и креатори на односите во светот да размислуваат за обликување на идните меѓународни односи, нудејќи при тоа политички проекти со кои во меѓународните односи се сака да се создаде поинаква состојба и да се воспостават содржини (вредности) на оние односи кои се посакуваат во иднина. Прилика и повод за редефинирање на интересите и политиката на најсилните фактори на меѓународниот живот во новонастанатите услови даваат појавата на кризните жаришта во Персискиот залив, распаѓањето на СССР како супер сила, а особено граѓанската војна во бивша Југославија, која како прва, проследена со оружени судири, криза на европскиот континент по престанувањето на биполаризмот ја покажува својата сложеност и огромни заканувачки размери за безбедноста на Европа и на меѓународната заедница, како и многубројните други напнатости и локални конфронтации во светот што ја зголемуваат неизвесноста на иднината на светот.

Во такви околности, во настојувањето да ги спречат или барем да ги насочат кон мирољубиво решавање натамошните конфликтни процеси и кризи, предизвикани од ерупцијата на етничките и територијалните спорови во бившите источноевропски земји, како и во другите подрачја на светот, а со тоа да го заштитат и по можност да го унапредат својот интерес, САД му понудија на светот програма, односно начин за уредување и систем на основни вредности на идните меѓународни односи изразени низ синтагмата "нов светски поредок". Ако од историска гледна точка го согледаме значењето на планот на САД за изградба "нов светски поредок" ќе видиме дека вакви настојувања во создавање нови основи на меѓународниот живот се појавувале во светот и досега. По правило, такви настојувања доаѓале до израз по настанати големи потреси и пресвртници во светот. Во поновата историја тие за прв пат дошле до израз по Големата француска буржоаска револуција и 20-годишните Наполеонови војни, кон крајот на XVIII-от и почетокот на XIX-от век од страна на "Светата алијанса". Таквите настојувања дошле до израз и по Првата светска војна, кога било создадено Друштвото на народите,

како општа организација за соработка на државите во светот, како и по Втората светска војна, кога била создадена ООН. Посебен пример за воспоставување "нов поредок" претставува и планот на нацистичката влада во Германија од летото 1940 година, со кој било предвидено до нов светски поредок да се дојде со поделба на светот на шест големи региони, од кои секој би бил под неоспорна хегемонија на една од големите сили и би претставувал нејзин "автархичен и голем стопански простор". Со тој план било предвидено Германија да доминира во Европа и во Централна Африка, Италија на Средоземјето, Јапонија во Азија и Западен Пацифик, САД во Западната хемисфера, а СССР во својот евроазиски простор. Оправданоста на таквиот план е докажувана со емотивниот и идеологизиран слоган за потребата од проширување на "животниот простор". Меѓутоа, иако "планот" не ги исклучувал регионалните решенија, всушност го криел долгорочниот насочен стремеж на Германија за воспоставување светска хегемонија. Тоа што е битно да се сфати од сите досегашни настојувања во поновата историја за воспоставување "нови поредоци", па исто така и од овој сегашниов на САД, е фактот, што секогаш на прво мести бил поставуван економскиот аргумент, со нагласена потреба од автархичноста на просторот, со застапување на автократскиот принцип на негово хиерархиско организирање, објаснувано и оправдувано со секакви моралистички, расистички и хуманистички побуди и цели.

Во таа смисла исто така и американскиот проект, што бил воопшто изложен од страна на бившиот претседател на САД Џ. Буш по повод одредената криза околу Ирак, претставува политички модел што содржи програма за насочување и постулати врз основа на кои би требало да се делува во средувањето на односите во светот, во услови кога во него е воспоставена радикално нова ситуација. Проектот е така компониран да може на САД да им овозможи водечко место во идните меѓународни, односи. Дешифрирајќи ја крајната цел на моделот кој се нуди[1] се гледа дека, всушност се работи за постапка произлезена од веќе постојната развиена глобална политика на единствената супер сила, мотивирана од желбата за зачувување на сопствените економски интереси и на интересите на најблиските сојузници и за проширување на сопствените идеолошки вредности што ги застапува и досега. Ваквата заложба на САД особено мотивирана поради фактот што развиените европски земји, чувствувајќи се ослободени од потребата за американска заштита, се

---

1. Главната цел на политиката на САД во периодот по "Студената војна", е дадена во тајниот реферат "Директива во областа на одбраната", подготвена од Пентагон за периодот 1994 - 1998 која се појави на страниците на "Newjork Tajms", а која е пренесена во Нова Македонија - Избор - од 15. 03. 1992 год.

насочуваат кон изградба на својата заедница и напоредно со полуизградените општи рамки почнуваат да се занимаваат и со подрачјата на бившиот СССР и на поранешна Југославија.

### 1. Карактеристични ставови за "новиот светски поредок"

Јавна инаугурација на новиот американски надворешно-политички пристап, односно концептот за преуредување на односите во светот по завршувањето на студената војна и надминувањето на биполаризмот, особено доаѓа до израз во настапите и говорите на американскиот претседател Џ. Буш и неговите соработници Џ. Бејкер и Р. Гејс. Во Организацијата на обединетите нации на 1 октомври 1990 година, Џ. Буш, зборувал за "новиот светски поредок и долгата епоха на мирот", како и за свет со "отворени граници, отворено делување и отворено мислење". Отцртувањето на основната идеја и стремежот на САД на глобален план ги наоѓаме и во обраќањето на Буш до Конгресот на САД, на 11 септември 1990 година (пред Заливската војна), како и во говорот на Буш по победата во Заливската војна, одржан на 13 април 1990 година во воено-воздухопловната база Максвел.[2] Според тоа што е јавно изговорено, тоа заправо е повик да се гради нова целина на односи во светот и, во согласност со тоа да се пристапи кон решавање на посебните прашање и проблеми. Меѓу основните идеи за тоа како да се реши задачата, насочувачка е онаа за остварувањето на "долгата епоха на мирот", која се зема како неоспорен интерес на сите држави, односно на сите нивни жители. Улогата на одредувачка (главна) идеја има онаа која зборува за заштита на слободата и човековото достоинство, односно за човековата димензија, која очигледно внесува нагласени етички содржини и постанува нова меѓународна вредност прифатена од сите.

Врз основа на тие идеи е изнесен и предлогот за практичните односи и "новото партнерство меѓу народите". Ако се анализираат елементите и стратегијата на надворешната политика и сегашниот стремеж на САД може да се согледа дека таквите сфаќања се наоѓаат во традицијата на американското настапување во историјата на XX-от век, односно во принципите на либералната идеологија на уредување на светот, своевремено изложени од страна на Вудро Вилсон во 14 точки (јануари 1918), а подоцна дополнети и обновени, согласно новите прилики, во Атлантската повелба од страна на Рузвелт и Черчил (август 1941). Врз идеите содржани во тие два документи, всушност се темели и Бушовиот

---

2. Пошироко види кај Cristopher Cocer, "Britain and The New World Oroler" The Special Relatioschipin" The, 1992, Internacional Affairs/julu, 1990, str. 5.

концепт. Во неговата основа се содржани декларации за "правото на народите на самоопределување", за "правото на неприкосновеноста на суверенитетот", за потребата од "исклучување на војната" како средство на надворешната политика, за неминовноста од надминување на сите видови насилства и за "заштита на правата на човекот".

Теоретска подлога за постулирање на идејата за воспоставување "нов светски поредок" наоѓаме и во погледите на многу истакнати американски надворешно-политички теоретичари. Еден од втемелувачите на американската наука за меѓународни односи, Роберт Ш. Хупе уште во 1957 година, во својот текст "Равнотежа на утрешнината" наведувал дека најважно прашање за САД било "унификација на глобусот" под нивно водство во текот на оваа генерација.[3] Според овој американски надворешно-политички теоретичар, задачата за воспоставување единствена светска доминација од страна на САД мора брзо да се оствари. Тој проценува дека таа треба да се оствари до 2007 година поради два големи проблеми што се појавуваат во светот. Првиот проблем, според него, претставува политичкото зајакнување и демографскиот раст на азиските народи, што можеле да ја изменат глобалната и регионалната рамнотежа на силите во светот и да доведат до помали или поголеми конфликти и војни. Вториот проблем, според него, призлегува од зголемувањето на бројот на таканаречените "средни земји" што ќе бидат во состојба да се здобијат со нуклерно оружје и со други средства за масовно уништување.[4] Затоа, за да бидат лидери на глобалната унификација (доминација), САД, според него, морале да се потпрат врз воената моќ, како прв и незаменлив атрибут на таквата водечка улога, но и на нивниот социјален - либерален систем, што "претставувал идеал за сите луѓе, вклучувајќи ги и оние во СССР". Роберт Ш. Хупе, наведува дека моќта на САД се темелела врз следниве "три столбови": прво, врз фактичка контрола на западната хемисфера и регионот на Пацификот; второ, врз челното место во американско-европската алијанса; трето, врз водечката улога во ООН, во чии рамки НАТО е нуклеус на "светската федерација што се создава". "Новиот светски поредок" што се создавал врз основа на "американскиот политички гениј" претставен во федералната идеја за закопување на

3. Стратегијата "Равнотежа на утрешнината" (објавена 1957) е препишана и повторно објавена во угледното американско надворешно-политичко списание "ORBIS" бр. 1/1992, кој го издава Институтот за надворешно-политички студии од Филаделфија (Според М. Стојковић, Утврђивање елемената (не)постојање "Новог светског поретка", Зборник "Нов светски поредак" и политика одбране СРЈ, Београд, 1993, стр. 110.)

4. На двата најголеми проблеми кои стојат пред САД за воспоставување светска доминација, во најново време, укажува и Претседателот на САД, Б. Клинтон во својата Изјава на т.н.р. листа на факти на стратегијата за национална безбедност од 21 јули 1994 (фотокопирана).

националната држава на глобален план и "отворениот американски дух" со кој се "поништувале" разликите помеѓу оние кои владеат и оние над кои се владее во постојаниот процес на асимилација", според Ш. Хупе ја означувале "последната фаза во историските промени што ќе претставува крај на револуционерната епоха на XX-от век". До слични заклучоци во 90-те години дошол и Ф. Фукојама во своето дело "Крај на историјата". Тој поаѓал од претпоставката дека либералниот капитализам и демократијата ќе претставуваат единствена глобална цивилизација, врз која ќе се темели "новиот светски поредок", а дека другите "алтернативни стратегии" историски се веќе поразени.[5]

Надоврзувајќи се на Хупеовите ставови за бројните опасности што стојат на патот за создавање "универзална американска империја", В. Дугал заклучил дека, "ако Запад сака да преживее, тоа може да го постигне само како целина". Во врска со тоа, според него, треба да се неутрализира секаква дезинтеграција која не ќе биде во функција на западните интереси и да се наметнува (дез)интеграција која ќе биде во функција на тие интереси".[6] Слични ставови за "новиот светски поредок", односно за триумфот на либерализмот и слободниот пазар, наоѓаме и во статијата на Лорен Фридман "Поредок и неред во новиот свет", во која ги дава претпоставките за остварување "нов светски поредок". Според него, "новиот светски поредок" треба да ги содржи следниве елементи: прво, активна и значајна улога на меѓународните институции во глобалното управување, пред сè на ООН и второ, прифаќање на фактот дека сегашната ситуација во светот е единствена, односно дека во светот не постои друга велесила освен САД. Фридман смета дека треба да постои одредена рамка (принципите на либералната идеологија), што би дала смисла на "новиот светски поредок" и во која би се насочиле напорите за негова изградба".[7]

"Најчисти" теоретски ставови за "новиот светски поредок" што кореспондираат со современите (сегашните) американски интереси и политика на однесување, а со кои се прави обид да се моделираат новите идни меѓународни односи наоѓаме кај Џозеф Нај (помладиот), автор на поголем број книги од областа на новите меѓународни односи. Во своите книги "Моќ и меѓузависност", "Нуклеарна етика", "На патот кон водството" и "Променливоста на американската моќ", тој поаѓа од претпоставката дека "светската моќ се трансформира преку слабеењето на класичните и настанувањето нејзини нови извори". Државите, според

5. Francis Fukojama, The End of History, The National Interest Sumer, 1989, str. 3-18.

6. Walter A. Ms. Doyqall, The Balance of Tomorrow Today, "ORBIS", Filadelfija, br. 1/1992.

7. Lavrence Freedman, Order and disorder in The New Woroler, "The Foreign Affains", New York, br. 1/1992, str. 7.

него, "ќе мораат да се научат своите цели да ги остваруваат преку новите извори на моќта, како што се користењето на меѓузависноста, на структурата на меѓународниот систем и напривлечноста на заедничките културни вредности".[8] Тој го нагласува зголемувањето на влијанието на приватниот капитал и мултинационалните корпорации, технологијата и комуникацијата, бидејќи традиционалните извори на моќта (економската и воената), како истакнува, не се повеќе доволни за решавање на проблемите на меѓузависноста. Со ваквиот пристап и со потенцирањето на новите извори на моќта, Нај не ја отфрла воената моќ, туку само укажува на тоа дека "заради нејзината ограничена улога треба да се развиваат способностите со кои треба да се создаде ситуација во која во другите земји ќе се развива приоритет или ќе се дефинираат интереси доследни на сопствените". Тој вид моќ, како додава, мора да произлегува од културните и идеолошките привлечности како и од контролата од богатството на информациите, но и од правилата и институциите на меѓународниот режим". Според Нај, иако на глобален план се намалува настапувањето од позиција на сила, САД остануваат голема сила бидејќи сега, во однос на другите, имаат и "поголема кооптивна моќ", поради првостепеното влијание што го остваруваат со создавањето на институционалните (меѓународни) политички рамки за светот на капитализмот, и пошироко (ММФ, ГААТ, ОЕЦД), како и поради тоа што можат да ги користат Обединетите нации за функции што одговараат на американските национални интереси". Во тој контекст гледано, униполарната хегемонија на САД, според Нај, без оглед на постоењето на повеќе економски центри и на транснационалниот карактер на редистрибуцијата на светската моќ, може да се извршува и во регионални рамки, односно со регионални аранжмани.[9]

Во последно време кај сериозните американски надворешно-политички аналитичари и најистакнати институции кои ја истражуваат оваа област почнува да се заговара и тезата на "урамнотежување" на американската политика и ангажирањето во меѓународните односи. Најексплицитни ставови за ваквиот пристап наоѓаме во студијата на Советот за односи со странство на САД под наслов "Империјалното искушение - новиот светски поредок и американската цел". Студијата ги изразува ставовите и погледите на либералните сили на САД. Во неа професорите Такер и Хендриксон поаѓаат од основниот став дека "политиката на ангажирање во доменот на унверзалната безбедност

8. Ние во текстот ги користиме ставовите на Нај дадени во "Трансформацијата на светската моќ" од книгата "Bound to Lead: The Chanqing Nature of American Power, "Поглед", (Амбасада на САД во Белград), 1991, бр. 253, стр. 2-7.

9. J. Nye, What new World Order, Foreign Affairs, Spring, 1992, str. 14.

треба да се отфрли, а со неа да се отфрла и наклонетоста на непотребното користење на воената сила, бидејќи "новиот светски поредок" е неспоив со американските традиционални дипломатски принципи и со основните идеи врз кои се создадени САД".[10] Отфрлајќи го изолационизмот и интервенционизмот како погрешни алтернативи тие се залагаат за конструктивни мерки заради рехабилитација на бившиот "советски блок" и за воспоставување отворени трговски системи. Според нив "американскиот придонес за регулирана слобода (читај ограничена слобода, б.н.) во светот треба да се бара, пред сè со мирни средства и со конструктивни мерки, а не со казнени и рестриктивни мерки (ставови кои ги заговараат аналитичарите кои ги застапуваат погледите на конзервативните сили, б.н.)[11], како и неопходноста од соработка на слободните влади (западните развиени земји, б.н.) и зачувувањето на безбедноста на заедницата со З. Европа и со Јапонија, а сојузниците да ја преземат одговорноста за сопствената конвенционална одбрана и одбивање на мешање во внатрешните работи на други земји".[12]

Врз основа на сите искажани карактеристични ставови на САД за "новиот светски поредок", било тие да доаѓаат од политичарите или од надворешно-политичките аналитичари и теоретичари, очигледно е дека за нивното објаснување е употребен системот на најосновните идеали на либерализмот. Моделот што природно израснува во З. Европа и во САД по 45 години конечно преовладува и во Средна Европа. Тој е успешно пренесен и во Јапонија. Сега се настојува тој да се прошири и на целокупната земјина топка. Имено, најразвиените земји, предводени од САД, кои во своите достигнувања го докажуваат значењето на либералните принципи, настојуваат со идентичната либерална организација на државата, на општеството и на стопанството да го обединат светот. Предлогот се темели првенствено врз предностите на оствареniот висок стандард на живеење на просечниот граѓанин во западните држави. Согласно со тоа, "новото партнерство за мир", кое подразбира напор за менување на меѓународните односи, се смета дека претставува значаен чекор за унапредување на условите за живеење во целиот свет. Сите овие заложби делуваат и рационално и емотивно, поттикнувајќи на акција, но истовремено објаснувајќи ја и оправдувајќи ја одредената политика. Исто така, во согласност со традицијата на

10. Usia - Washington, "Нова Македонија" - Избор - од 14 јуни 1992, стр. 14.

11. За американскиот пристап и поимањето на демократијата и слободата во неразвиените земји види пошироко кај Ноам Чомски, Шта (у ствари) хоће Америка?, Институт за политичке студије, Београд, 1994 год.

12. Usia - Washington, "Нова Македонија" - Избор - од 14 јуни 1992, стр. 14.

американскиот пристап, таквата програма се прогласува за програма и на либералниот дел на светот. САД се сметаат за негов основен предводник. Според својата политичка и стопанска сила, според самосвеста, според настанувањето и според целината на континуитетот на својата историја САД во многу нешта навистина претставуваат најголема либерална сила. Досега, секогаш настапувале на чело на широка коалиција на развиени држави, во која како најблиски партнери им биле и останатите водечки либерални држави т.е. традиционално големите западни сили. Во новонастанатите услови САД сметаат на обединување на целото членство на ООН, што битно ќе влијае на преуредувањето на меѓународните прилики и односи.

Врз основа на искуството од однесувањето и настапот на САД денес, може да се заклучи дека американската визија за "новиот светски поредок" се засновува врз четири елементи. Прво, таа во себе содржи нов начин на соработка со другите држави и народи, што се состои во нудење програма за заедништво засновано врз либералната идеологија. На тој начин САД успеваат да соберат околу себе голем број држави, што им донесува многубројни стратегиски, стопански, политички и морални вредности. Вториот елемент се состои во остварувањето солидарност против агресијата. Третиот елемент го сочинува настојувањето за мирно решавање на споровите. При тоа, поаѓајќи од позицијата на најјака сила во светот, тие крајно одлучно настојуваат своите цели и интереси да ги остварат преку арбитрирање, преку политички и економски притисоци, преку ООН или со директно инволвирање во споровите и судирите во одделни региони во светот. Зачувувањето на меѓународната "стабилност" САД настојуваат да го остварат преку изградба на регионални системи на безбедност. Четвртиот елемент се состои во постулирање и примена на нови извори на моќ и влијание на глобален и регионален план. Сето тоа треба да овозможи "создавање свет" со "отворени граници", со "отворена трговија" и со "отворен дух", односно "создавање поредок" кој покрај воениот фактор ја вклучува уште и политичката, економската, технолошката, социјалната и еколошката димензија. При сето тоа, низ активноста на Советот за безбедност на ООН, во која САД имаат доминантна улога, се легализира правото на воена интервенција заради зачувување на мирот и безбедноста. Како сервис на ООН за моделирање на меѓународните односи, ѓи нудат своите оружени сили или силите на НАТО како примерени на времето "интернационални сили", се разбира секогаш во согласност со своите стратегиски интереси.

Trajan PANEV

## IDEAS AND ASPIRATIONS OF CREATING A "NEW WORLD ORDER" IN THE POST-WAR PERIOD

(Summary)

The changes in the distribution of power in the international community that began with the breakdown of the USSR and the Warsaw Treaty, i.e. with the disappearance of the bipolarism in the world, have deeply changed the international context for the foreign policy of the most powerful factors in international life. Under such conditions, in the struggle to create new and favourable relations the international community, the USA as the strongest power in the world offered a concept-project fo settling the relations within the international community expressed by the syntagma "the new world order", for securing and improving its own interest and widespreading the values the USA advocates. Among the basic ideas of how to build a new entity of relations in the world, the dominating is the one of the "long epoch of peace", taken as an indisputable interest for all countries, while the role of the main idea is the one that protects the freedom and human dignity, i.e. for the human dimension that apparently inputs emphasised ethic contents and becomes a new international value adapted by everyone.

According to such ideas the proposal for practical relations and the "new partnership among the peoples" was declared. On the basis of the present experience and approach the of USA, should be concluded that the American vision about the "new world order" is based upon four elements. First, a new way of cooperation with other countries and peoples by offering a mutual programme founded on the solidarity against aggression, as well as legalising the right for military intervention in order to secure the peace and security. The strivings for peaceful solving the disputes belong to the thrid element. But as the strongest power in the world, it extremely and decisively endeavours to realise its aims and interests by arbitrage through political and economic pressures, United Nations or direct involving in the disputes and conflcts in separate regions in the world by building up regional security systems. The fourth element is connected with the position and application of the new and old power resources and the impact upon a global regional plan. Will such a vision be realised or not the time will show, but as the history shows all the imagined "new orders" have fallen down.